**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-578/7**

**Скопје, 31.10.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на општина Центар Жупа за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа , член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на општина Центар Жупа за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Асим Асан, Директор на Фондот за локални патишта на општина Центар Жупа од 01.01.2005 година до 30.06.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 25.07. 2006 до 25.07.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

**10.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела**

10.1.1. Поради блокада на жиро сметката на Фондот за локални патишта на општина Центар Жупа, сметката не е затворена, со што не е почитуван член 51 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Блокадата на жиро сметката е од 2003 година по судско решение ИС.бр. 282/03 од 10.12.2003 година на износ од 3.157 илјади денари на име главен долг и парнични трошоци во корист на доверителот ТРНОВО ТРЕЈД Хајрула ДООЕЛ експорт-импорт с.Трново, а врз основа на судско порамнување број 22/2003 од 24.06.2003 година.
Со увид во документацијата ревизијата го констатира следното:
Основ на побарувањето на доверителот Трново трејд Хајрула ДООЕЛ експорт-импорт с.Трново е склучен договор за одстапување на побарување – цесија од 07.08.2000 година, меѓу „РЕДА КОМПАНИ „ ДОО експорт импорт с. Долна Бањица како одстапувач на побарувањето и „ТРНОВО ТРЕЈД „ експорт импорт ДООЕЛ с.Трново како примач на побарувањето во вкупен износ од 16,785 илјади денари. Договорот е заверен на нотар без печати од двете договорни страни. Побарувањето произлегува од договор за изведување на пат за село Елевци број 07-04/1 од 23.04.1998 година на вкупен износ 8,075 илјади денари и рекапитулација на предмерот број 0203-95 од 13.04.1998 година на износ од 16,785 илјади денари. Правниот субјект „ РЕДА КОМПАНИ„ побарувањето од Фондот за локални патишта на општина Жупа го пренесува на „ТРНОВО ТРЕЈД „ с.Трново без никаков надоместок.
Испоставени се две ситуации и тоа:
- прва времена ситуација број 35/98 од 17.11.1998 година од „ РЕДА КОМПАНИ„ како изведувач на износ од 4,386 илјади денари, за која на ревизијата не и беше презентирана градежна книга, и
- втора времена ситуација од „ТРНОВО ТРЕЈД„ како изведувач на износ од 1,695 илјади денари (кумулатив 6,081 илјади денари). Оваа ситуација ги содржи позициите и од прва времена ситуација.
Ревизијата не дава мислење за реалноста и објективноста на овие обврски бидејќи се испоставени две ситуации потпишани од надзорен орган од различни доверители како изведувачи и е направено одстапување на побарување без никаков надоместок.

**10.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.2.1. Во билансот на приходи и расходи приходите се нереално искажани односно повисоко се искажани за износ од 70 илјади денари, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ова е поради тоа што ненаплатени побарувања од купувачите во овој износ се искажани како приход. Непочитувањето на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, придонесува за нарушување на принципот на сметководственото начело на парично искажување на приходите.
**Препорака:**
При пренесување на книговодствените состојби кај Буџетот по затварање на сметката

на Фондот за локални патишта да се имаат во вид укажувањата од ревизијата како не би се направиле неточни евидентирања.

**10.3. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

10.3.1. При увидот во начинот на спроведување на постапката за јавна набавка ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 26/98.. . .24/03), за изградба на пат за село Елевци во должина од 4,3 км и склучен договор за изведување на работа со Друштво за градежништво, трговија, транспорт, туризам и услуги РЕДА КОМПАНИ Ресми и други ДОО експорт импорт с. Долна Бањица и тоа:

- постапката е со прибарање на понуди, што е спротивно на член 33 од Законот за јавни набавки Сл.весник на РМ број 26/98, односно постапката треба да биде со ограничен повик;
- спротивно на член 55 став 3 набавувачот нема обезбедено банкарска гаранција;

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Ревизијата по овој наод не дава препорака од причина што оваа сметка не функционира и согласно законските прописи Фондот за локални патишта треба да престане со работа.

11. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.2. е преценување на приходите и Вишокот на приходи над расходи во Билансот на приходи и расходи за 2005 година во износ од за 70 илјади денари

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1. и 10.2. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за локални патишта на општина Центар Жупа на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.3., кај Фондот за локални патишта на општина Центар Жупа не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 23.10.2006 година**

**ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 70 | 70 |
| **Вкупно приходи** | | **70** | **70** |
| **Расходи** | | | |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **0** | **0** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **70** | **70** |

**ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1 | 1 |
| Побарувања | 4.1.2. | 69 | 69 |
| **Вкупно тековни средства** | | **70** | **70** |
| **Вкупна актива** | | **70** | **70** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 70 | 70 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **70** | **70** |
| **Вкупна пасива** | | **70** | **70** |